Прва теренска посета на демонстрациските опити во рамки на Опитно поле на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, Долно Лисиче

Во рамките на проектите:
„Адаптација на климатските промени во земјоделството: Дисеминација и зголемување на примената на најдобри практики“ и „Пилот демонстративниот проект за адаптација на климатските промени во земјоделството и промоција на одржливи практики“

📅 **Дата:** 16 јули 2026 година
📍 **Локација:** Опитно поле на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, Долно Лисиче
🕘 **Време:** 09:00 – 13:00 часот
📌 **Google Maps:** https://goo.gl/maps/ny9cagfjoKPQdSP26

Вовед

Земјоделскиот сектор во Северна Македонија се соочува со сè поголеми предизвици предизвикани од климатските промени. Нерегуларните врнежи, продолжените сушни периоди, екстремните температури и појавата на поплави директно влијаат врз земјоделското производство, плодноста на почвата, достапноста на водните ресурси и економската сигурност на земјоделските домаќинства.

Преку проектните активности **„Пилот демонстративен проект за адаптација на климатските промени во земјоделството и промоција на одржливи практики“ и „Адаптација на климатските промени во земјоделството: Дисеминација и зголемување на примената на најдобри практики“** се овозможува споделување на практични знаења, искуства и решенија за адаптација на земјоделското производство кон новите климатски услови.

Една од клучните активности во рамките на проектот се демонстративните посети на Опитно поле на **Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје во Долно Лисиче**, каде земјоделците ќе имаат можност директно да се запознаат со научно базирани и практично применливи мерки за адаптација на производството кон климатските промени.

Проектот се имплементира преку соработка на **Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје** и **Националната федерација на фармери на Северна Македонија**, со поддршка на **Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH**, во име на **Владата на Сојузна Република Германија**, во рамките на **Регионалното климатско партнерство меѓу Германија и Западен Балкан**,

---

АГЕНДА

Време	Активност
08:45 – 09:00	Пристигнување и регистрација на учесниците
09:00 – 09:15	**Поздравни обраќања:** • Проф. д-р Тошо Арсов, продекан за наука и соработка со стопанството, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (ФЗНХ) • Стеван Орозовиќ, Извршен директор на Национална федерација на фармери • Ирена Џимревска, Советник за Зелена агенда – Поддршка на Западен Балкан во адаптацијата кон климатските промени
09:15 – 11:00	**Земјоделски практики за адаптација на земјоделството кон климатските промени: Презентација на демонстративни полиња воспоставени преку програмата на GIZ во соработка со ФЗНХ:** • Проф. д-р Ордан Чукалиев, ФЗНХ-Скопје • Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, ФЗНХ-Скопје • Проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа, ФЗНХ-Скопје • Проф. д-р Зоран Димов, ФЗНХ-Скопје • Проф. д-р Тошо Арсов, ФЗНХ-Скопје • Дипл. зем. инж Лидија Бурназова, директор на Опитно поле ФЗНХ-Скопје
11:00 – 11:45	**Презентација на адаптивни мерки и истражувачки полиња во рамки на Проект КЛИМАГРИ, реализиран од страна на ФЗНХ:** • Проф. д-р Ордан Чукалиев и експертски тим од ФЗНХ-Скопје
11:45 – 12:30	Освежување, вмрежување и неформални дискусии